**ЗАПИСНИК**
**од 44-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 10.12.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски (од здравствени причини), д-р Методија Јанчески (смртен случај во семејството).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Арѓенд Целили, м-р Горјан Шеќеринов, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Фетаи ја отвори 44-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 17:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Фетаи објасни дека 5 членови на Советот се присутни освен г-дин Петрушевски кој поради здравствени причини е отсутен и д-р Методија Јанчески поради смртен случај во семејството.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.12.2020 година.
2. Предлог-одлука за одземање на дозвола за телевизиско емитување на радиодифузер.
3. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.12.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница. Објасни дека Советот на 42-та седница покрена постапка за одземање на дозволата поради тоа што овој радиодифузер повеќе од 30 дена не емитуваше најмалку 6 часа дневно програма на телевизија согласно дозволата за телевизиско емитување. Но, и во дополнителните 15 дена медиумот не ги отстрани причините, односно не започна со емитување на програма. Од таа причина согласно Законот до Советот на Агенцијата се предлага да му се одземе дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата кој врши дејност на локално ниво, не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини што е спротивно на член 90 став 4 од ЗААВМУ и претставува основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеа 2 од истиот Закон.

Секторот за правни работи да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-4478/3**
**18.12.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот**

**д-р Милаим ФЕТАИ**